# Здравствена едукација спроведена на подрачјето што го покрива Центарот за јавно здравје Скопје од Отсекот за здравствено воспитание (промоција на здравјето) во април, мај и јуни 2015 година







Во вториот квартал на 2015 година преку Отсекот за промоција на здравјето се спроведени активности во врска со здравствената едукација на населението на подрачјето што го покрива Центарот за јавно здравје Скопје, согласно:

- Националната годишна програма за јавно здравје за 2015 година од Министерството за здравство,
- Работниот план на Одделението за Социјална медицина и
- Барањата за спроведување на активности од други Установи

## Одделение за социјална медицина при ЦЈЗ Скопје

### I Здравствена едукација на предучилишни деца

Во општина Кисела Вода во јавната детска градинка “Весели Цветови“ се посетени 165 предучилишните деца во пунктовите: Сончоглед, Синоличка, Мимоза и Перуника.
Во споменатите пунктови на градинката се одржани осум предавања за лична хигиена и за редовни физички активности на децата како здравствен бенефит за нивното здравје.

Бидејќи соработка и едукацијата со оваа детска установа веќе континуирано се спроведува, за таа цел на едукаторот е доделена Благодарница за успешна соработка меѓу двете установи ЦЈЗ Скопје и ЈДГ “Весели Цветови“.



ЈДГ Весели Цветови –ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

## II Здравствена едукација на ученици во основните училишта



Ученици од основни училишта: општини Аеродром, Сарај, Карпош, Бутел и Чаир

Во основните училишта се одржани вкупно 101 предавање со опфат на 1945 ученика. Предавањата се одржани во општините Аеродром, Сарај, Карпош, Бутел и Чаир во следните училишта:

- О.У. Љубен Лапе
- ПО. У. Фаик Коњица во с. Радуша
- ПО. У. Фаик Коњица во с. Дворце
- О. У. Бајрам Шабани
- ПО. У. Емин Дураку во с. Раовиќ
- ПО.У. Емин Дураку во с.Чајлане
- ПО.У. Емин Дураку во с. Буковиќ
- ПО.У. Емин Дураку во с. Арнакија
- ПО.У. Ибе Паликуќа во с.Ласкарци
- О.У. Аврам Писевски
- О.У. Владо Тасевски
- О.У. Здравко Цветковски – Пенко
- О.У. Никола Вапцаров

Во споменатите училишта предавањата кои се одржани се на следните теми:

- Лична хигиена
- Превенција од небезбедна вода за пиење
- Исхрана – Здрави училишни оброци
- Здравствен бенефит од редовни физички активности
- Болести на зависност
- Здравствени ризици од пушењето кај младите
- Сексуално преносливи инфекции
- СИДА

## III Здравствена едукација на ученици во средните училишта

1. Во вториот квартал во 2015 година Одделението за социјална медицина започна со реализација на активностите за промоција на здравјето во средните училишта. Имено, во текот на месец април Центарот за јавно здравје се вклучи како учесник во Националната студија за употреба на цигари, алкохол и други дроги, а во рамки на Европскиот проект за истражување во училиштата за употребата на цигари, алкохол и други дроги (ESPAD) 2015, при што спроведе анкетно истражување на учениците од прва и втора година во следните средни училишта во Скопје:

- СУГС Јосип Броз Тито - Општина Центар
- СУГС Орце Николов - Општина Карпош
- СУГС Кочо Рацин - Општина Ѓорче Петров
- СЕТУГС Михајло Пупин – Опшина Гази Баба

- СУГС Раде Јовчевски Корчагин – Општина Центар
- СУГС Зеф Љуш Марку – Општина Бутел
- СЕПУГС Арсени Јовков – Општина Бутел
- СГГУГС  Здравко Цветковски – Општина Карпош
- СЕПУГС Васил Антевски Дрен – Општина Кисела Вода
- СУГС Цветан Димов - Општина Чаир




СУГС Цветан Димов - Општина Чаир

Во  осумте општини во споменатите училишта беа анкетирани вкупно 776 ученика во 33 класа.

2. Во текот на месец мај во средните училишта се одржани вкупно 106 предавања и 1 трибина со опфат на 1084 ученика.



СУГС Панче Караѓазов – Општина ЦЕНТАР

Предавањата беа одржани во општините Аеродром и Центар во следните средни училишта:

- СУГС Панче Караѓозов
- СУГС Димитар Влахов
- СУГС Раде Јовчевски Корчагин




СУГС Димитар Влахов – општина АЕРОДРОМ

Предавањата и трибината беа одржани на следните теми:

-Сексуално преносливи инфекции
- СИДА и
- Исхраната кај младите

3. По барање на Ученичкиот дом “Здравко Цветковски“ од општина Карпош на учениците им е одржано советување и предавање на тема Сексуално и репродуктивно здравје, во просториите на ЦЈЗ Скопје во рамките на Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје.

## IV Одржани трибини во основните и средни училишта

Во вториот квартал на 2015 година одржани се 4 трибини во општините Карпош, Бутел и Центар и тоа во следните училишта:

- О.У. Аврам Писевски
- О.У. Владо Тасевски
- О.У. Здравко Цветковски – Пенко
- СУГС Панче Караѓозов

Темите на предавањата на трибините се: Исхрана и здравје, Здравствен бенефит од редовни физички активности и Сексуално-преносливи инфекции.

На предавањата и трибините се употребени 897 брошури и флаери.

## V Во состав на Одделението по социјална медицина функционираат две советувалишта :

-Советувалиште за сексуално и репродуктивно здравје и
-Советувалиште за откажување од пушење.

Во второто тримесечје од оваа година **Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје** го посетија ученици од Ученичкиот дом "Здравко Цветковски" на кои им беше одржано предавање на тема за сексуално преносливи инфекции и им беше поделен пропаганден материјал - 110 брошури од ЦЈЗ и превземен материјал од ИЈЗ Скопје. Брошурите беа на следните теми:

- Промоција на Советувалиштето во ЦЈЗ Скопје и
- Најчести прашања и одговори за Вашето сексуално и репродуктивно здравје, со замолница да се поделат на останатите ученици во Ученичкиот дом.

Исто така, учениците пополнија и анкетен прашалник на споменатата тема, а им беа дадени и 144 кондоми преку воспитувачот од Ученичкиот дом, со обврска да се поделат на останатите ученици во Домот.

Анкетни прашалници беа поделени и во СУГС "Раде Јовчевски Корчагин" во општина Центар на кои им беше одржано предавање на истата тема и им беше поделен пропаганден материјал.

Во **Советувалиштето за откажување од пушењето** продолжува во континуитет одржување на едукации за клиентите кои ја посетуваат Обуката за основни знаења за безбедност на храната.
Во контекс на споменатото во вториот квартал 2015 година на клиентите кои ја следеа обуката, а во интерес на нивното здрвје, им беа одржани 5 едукативни предавања за пушењето како ризик фактор на здравјето и за таа цел беа анкетирани 49 лица. Истите беа поканети како пушачи кои имаат желба да се откажат од пушењето да го посетат Советувалиштето.
Индивидуалните едукации продолжуваат кај 4 клиенти кои во претходното тримесечје искажаа желба за откажување од пушење.
Промоцијата на Советувалиштето за откажување од пушење и понатаму продолжува преку комуникација со медиумите.
Во овој квартал е изготвена брошура на тема: *Пушењето ризик фактор за одредени зболувања*

## VI Здравствена едукација на работници од областа на производство и промет на храна
## Обуки за основни знаења за безбедност на храната

Центарот за јавно здравје Скопје и во вториот кавртал од годината континуирано продолжи со одржување на Обуките за основни знаења за безбедност на храната. За таа цел одржани се 75 едукативни предавања за 61 клиент од 23 фирми.

## VII Превенција и унапредување на здравјето на стари лица

Во текот на месец јуни 2015 година беше посетен Геронтолошкиот завод “13 Ноември“ во општина Ѓорче Петров. Во Одделението за стари лица “Мајка Тереза“ се одржа предавање на тема Превенција од срцеви заболувања кај старите лица. На предавањето присуствуваа 40 стари лица згрижени во домот.



ЈЗУ Геронтолошки завод 13 Ноември
Одделение за стари лица “Мајка Тереза“
општина ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

## VIII Едукација на вработените во Одделнието за социјална медицина

- ☑ **Обука за превенција на ХИВ и употреба на дроги помеѓу граѓаните од пограничните области**

Обуката беше одржана во Скопје на 16 и 17 април во организација на Здружението ХОПС - Опција за здрав живот, финансирана од Европската Унија преку инструментот за предпристапна помош (IPA).

☑ **Обука за сексуално и репродуктивно здравје во услови на криза**

Под покровителство на UNFPA, Министерството за здравство и НВО Хера, во општина Струмица, од 18-20 мај 2015 година се одржа Обука на тема *Сексуално и репродуктивно здравје во услови на криза* на која активно учество земаа претставници од ЦЈЗ Скопје за што добија и Сертификати за успешно завршената обука.





Обука за Сексуално и репродуктивно здравје во услови на криза, општина СТРУМИЦА

## IX Постиран едукативен материјал на WEB страната на ЦЈЗ Скопје

На веб страната на ЦЈЗ Скопје е постиран едукативен материјал кој е преземен, преведен и обработен од стручните кадри во, а во интерес на здравјето на населението.

30.06.2015,Скопје

Изготвил: Прим. д-р. сци. Персида Малинска, специјалист по социјална медицина со организација и економика на здравствена заштита